СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# НАЧИНИ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИТНИ МЕДИЦИНСКИ УСЛУГИ ВО ПАРЛАМЕНТИТЕ

**-КРАТКА ИНФОРМАЦИЈА-**

Предмет на оваа кратка информација[1] е обезбедувањето на итни медицински услуги во рамките на парламентите. Прикажана е состојбата во 29 парламенти односно во 42 дома[2].

Кратката информација е изработена по сопствена иницијатива согласно Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија.

Постојат разлики помеѓу парламентите кои се однесуваат на начинот на управување и давање на медицинските услуги општо, но и во рамките на оние што се обезбедени во самите парламенти. Законодавната рамка е исто така различно поставена, со различни понудени решенија во сите држави и има свое влијание врз функционирањето на медицинските услуги во парламентите.

Во 23 од разгледаните парламенти основните услуги за прва помош се обезбедуваат од страна на лица вработени во парламентот (медицински лица или други лица кои имаат поминато соодветни обуки) или од пратеници со медицинска обука. Кога е потребна понатамошна медицинска помош или кога е потребно хоспитализирање, се контактира националната линија за итни случаи[3]. Во овие парламенти не постои договор за надворешен ангажман.

Само 6 од парламентите во разгледаните држави имаат надворешен договор за обезбедување на итни медицински услуги: Европскиот парламент, двата дома на Конгресот на САД, германскиот Бундесрат, полскиот Сејм и парламентот во Словачка. Во Европскиот парламент и во Бундесратот медицинските услуги се обезбедуваат со објавување на јавен повик (тендер), кој се обновува еднаш на четири години и врз основа на кој се избира надворешно тело кое е задолжено за обезбедување на споменатите медицински услуги. Во двата дома на Парламентот на САД, во полскиот Сејм (Долен дом на Полскиот парламент) и во Словачкиот парламент постои договор склучен со јавно тело.

---

[1] Информациите содржани во кратката информација се добиени од страна на Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација;
https://ecprd.secure.europarl.europa.eu/ecprd/private/my-requests

[2] Парламенти опфатени со оваа кратка информација : Белгија (двата дома), Канада (двата дома), Чешката (долниот дом), Данска, Естонија, Финска, Франција (Национално собрание), Грузија, Германија (Бундестаг и Бундесрат), Грција, Латвија, Литванија, Холандија (претставничкиот дом), Португалија, Словенија (двата дома), Шпанија (конгрес на пратеници), Шведска, Швајцарија, Велика Британија (двата дома), Полска, Словачка, и Соединетите Американски Држави (Сенатот на САД и Претставничкиот дом).

[3] Парламенти кои немаат надворешно уредување за обезбедување со итни медицински услуги се : Кралството Белгија, Канада, Чешката Република, Кралство Данска, Естонија, Финска, Франција, Грузија, Германија, Грција, Латвија, Литванија, Холандија, Португалија, Словенија, Шпанија, Шведска, Швајцарија, Велика Британија.

**Во Европскиот парламент** се вклучени две паралелни служби кои тесно соработуваат меѓу себе (службата за спречување и заштита од пожари и медицинска служба составена од доктори и медицински сестри). Службата за спречување и заштита од пожари обезбедува напредна прва помош, до ниво на поддршка на животот. Додека медицинската служба се повикува кога има посериозни итни случаи со цел обезбедување понапреден медицински третман, до ниво на напредно одржување на животот кое вклучува управување со дишните патишта. Лекарите и медицинските сестри се службеници или вработени во ЕП, додека персоналот за превенција и безбедност од пожари се вработени од надворешен давател на услуги. Давателот на вакви услуги е приватна компанија, а договорот се обновува на секои 4 години.

**Во германски Бундесрат** за време на пленарните сесии редовно се присутни болничари со амбулантно возило кои се спремни да дадат медицинска помош ако е потребно. Во рамките на барањата предвидени со Законот за јавни набавки, се склучуваат годишни договори за давање на медицински услуги за време на пленарни сесии и индивидуални договори за специјални настани. Надворешниот давател на медицински услуги е регистрирано непрофитно здружение.

**Во полскиот Сејм** се обезбедуваат итни медицински услуги за време на седниците на Сејмот. Итната медицинска услуга вклучува брза помош со лекарски тим (болничар, медицинска сестра, лекар и возач на брза помош). Медицинската помош, вклучително и услугите за итни случаи, се обезбедуваат само за време на сесиите на Сејмот, а можат да ги користат и други лица присутни во зградата на Сејмот, како што се: вработените, новинарите, експертите, гостите и учесниците. Итните медицински услуги се спроведуваат врз основа на четиригодишен договор со Централната клиничка болница на Министерството за внатрешни работи и администрација. Давателот на овие услуги се бира на јавен тендер на секои 4 години. Исто така, лицата кои се дел од гардата на Сејмот поминуваат низ основен курс за итна медицинска помош и можат да асистираат доколку се јави потреба од итна медицинска помош.

**Во Словачкиот парламент** медицинските услуги се обезбедуваат согласно долгогодишен договор помеѓу Националниот совет на Република Словачка и Министерството за внатрешни работи на Република Словачка од страна на болница која е дел од ова министерство. Тимот кој дава медицински услуги се состои од еден општ лекар и медицинска сестра кои работат во амбуланта сместена во зградата на парламентот. Кога заседава Националниот совет, медицинската услуга се обезбедува за време на сесијата секој ден се додека не истата заврши. Општиот лекар и медицинската сестра се вработени врз основа на договор со надворешен давател на услуги односно Министерството за внатрешни работи.

**Во двата дома на Конгресот на САД** медицинските услуги се обезбедуваат во амбуланта која се наоѓа во просториите на Конгресот. Амбулантата обезбедува итни медицински услуги за Конгресот, Врховниот суд и сите вработени и посетители. Најмалку едно амбулантно возило секогаш е паркирано пред Конгресот. Одговорниот лекар има една канцеларија во самата зграда во

Конгресот  и 11 други здравствени канцеларии во Претставничкиот дом, Сенатот и Врховниот суд. Ако Претставничкиот дом или Сенатот останат на пленарна сесија по 17:00 часот, канцеларијата на лекарот останува отворена 15 минути по завршувањето на пленарната сесија. Амбулантата е предводена од медицински службеник од морнарицата на САД, традиција започната во 1928 година, која до денеска уште се применува. Медицинскиот персонал се состои од: лекар, виш медицински службеник, тројца медицински службеници и дополнителни асистенти.

Изработил: Славчо Маркоски

Одобрил: Ивана Арсовска Трајановиќ

Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

________________________

м-р Златко Атанасов

***Скопје, февруари 2021***